**20130691490**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ**

Врз основа на член 22 став (4) од Законот за игрите на среќа и за забавните игри („Службен весник на Република Македонија“ бр. 24/11, 51/11, 148/11, 74/12 и 171/12), министерот за финансии донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА СОДРЖИНАТА НА ЛОЗОВИТЕ, ТОМБОЛСКИТЕ КАРТИЧКИ И УПЛАТНИТЕ ТИКЕТИ ЗА ОБЛОЖУВАЊЕ

Член 1

Со овој правилник се пропишува содржината на лозовите, томболските картички и уплатните тикети за обложување.

Член 2

Лозовите што се употребуваат при приредување на играта на среќа „лотарија” на предната страна ги содржат следните елементи:

- во горниот дел се отпечатуваат зборовите, "игра на среќа - лотарија", а под нив се отпечатува називот на приредувачот на играта;
- под називот на приредувачот на играта на левата страна е отпечатен ЕМБС на приредувачот, а на десната страна бројот на колото, бројот на лозот и датумот на извлекување;
- во средината се отпечатува зборот "лоз";
- под зборот "лоз" се отпечатува цената на лозот и
- во долниот лев агол во рамката на лозот се отпечатуваат зборовите "препечатување е забрането".

Лозовите од став 1 на овој член на задната страна ги содржат следните елементи:

- укажување дека добивката се исплатува на доносителот на лозот, по јавно објавување на извештајот од играта;
- укажување дека подигањето на добивката застарува за 60 дена од денот на објавувањето;
- местото на подигање на добивките;
- емисија на лозовите;
- фондот на добивките и
- местото за печат на приредувачот на играта.

Член 3

Лозовите што се употребуваат при приредување на играта на среќа „инстант лотарија” и “експрес лотарија” на предната страна задолжително ги содржат следните елементи:

- името на играта;
- заштитен знак и лого на приредувачот;
- цената на лозот;
- бројот на серијата;
- ознака(број, букви и броеви или бар код) за евиденција;
- објаснување како се постигнува добивка;
- поле/полиња за игра покриени со заштитен слој и
- контролен бар код покриен со заштитен слој.

Лозовите од став 1 на овој член на задната страна задолжително ги содржат следните елементи:

- името на играта;
- заштитен знак и лого на приредувачот;
- EAN код (потрошувачки код);
- бројот на серијата;
- емисија на лозови;
- процент на фондот на добивки;
- цена и
- распоред на фондот на добивките.

Член 4

Кај лозовите што се употребуваат при приредување на игрите на среќа од типот ”експрес лотарија”, полето за игра и контролниот бар код се наоѓаат во внатрешноста на лозот.

Член 5

Томболските картички на предната страна ги содржат следните елементи:
- името на играта;
- заштитен знак и лого на приредувачот и
- контролен бар код, броеви на серијата, број на томболската картичка, контролен број и шест правоаголни полиња кои содржат 27 квадрати или кругови распоредени во три хоризонтални реда од кои во пет во секој ред се отпечатени по еден број од групата броеви од 1 до 90, додека останатите четири полиња се без отпечатени броеви.

Томболските картички од став 1 на овој член на задната страна ги содржат следните елементи:
- името на играта;
- заштитен знак и лого на приредувачот и
- потребните информации за играчот.

Член 6

Уплатните тикети за обложување ги содржат следните елементи:
- назив и седиште на приредувачот на игрите на среќа во обложувалница;
- број и датум на лиценцата;
- назив и седиште на уплатно-исплатното место;
- број, датум и час на издавање на уплатниот тикет;
- податоци кои се однесуваат на резултатите од натпреварувањата и другите настани во врска со обложувањето;
- износот на уплатениот влог;
- износот на добивката;
- укажување дека лица помлади од 18 години не можат да учествуваат во игрите на среќа што се приредуваат во обложувалница;
- податок за рокот во кој согласно со правилата на игрите на среќа во обложувалница донесени од страна на приредувачот, се врши исплатата, односно преземањето на добивките од игрите на среќа и
- сериски број на уплатниот тикет.

Член 7

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за образецот на лозовите и томболските картички (“Службен весник на Република Македонија” бр.15/98).

Член 8

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 11 - 2800/4
8 мај 2013 година
Скопје

Министер за финансии,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.